МОСТ
Граѓанска Асоцијација

ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2008

# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

Септември 2008

ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ
ул. Стрезова, бр.7
1000 Скопје, Р Македонија

www.most.org.mk
e-mail: most@most.org.mk

Печатено во Скопје, Септември 2008

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот “Домашно набљудување на Предвремените парламентарни избори 2008“, реализиран од страна на Граѓанска асоцијација МОСТ, поддржан од: Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Кралството Холандија, Швајцарската агенција за меѓународен развој, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Амбасадата на САД, ОБСЕ Набљудувачката мисија во Скопје и Амбасадата на Кралството Норвешка.

© Граѓанска асоцијација МОСТ
Сите права се задржани. Забрането е користење и репродуцирање на било кој дел од овој извештај, без дозвола од Граѓанска асоцијација МОСТ.

# *СОДРЖИНА*

*ВОВЕД* 3

*ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ* 4

*ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* 5

*ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ* 7

*ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА* 9

*ПРЕПОРАКИ* 10

*ПРАВНА РАМКА* 12

*СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ* 13

*ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА* 20

*ПВТ (PVT) програма* 23

*Анекс 1: Сумирани резултати од формуларите за набљудување* 25

# ВОВЕД

На 1 јуни 2008 година беа одржани шестите по ред Парламентарни избори, од осамостојувањето на Р Македонија. Изборите беа спроведени според одредбите на Изборниот законик, донесен во април 2006 година. Во Единствениот избирачки список беа запишани 1.779.116 избирачи или 37.667 повеќе во однос на редовните Парламентарни избори одржани на 5 јули 2006 година. Согласно Изборниот законик, се избираа 120 пратеници по пропорционален метод. Територијата на Р Македонија е поделена на шест изборни единици, со приближно ист број на гласачи. Резултатите се пресметуваат по Д' Хонтова формула. Од 6 изборни единици се избираат по 20 пратеници.

Во трката за 120 пратенички места во Собранието на Р Македонија учествуваа 14 политички партии, 2 коалиции на политички партии и 2 листи на кандидати предложени од група избирачи. Државната изборна комисија (ДИК) за учество на изборите потврди 77 листи на кандидати со вкупно 1540 кандидати.

Нерегуларности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите беа причина за поништување на резултатите од гласањето на први јуни и повторување на гласањето на 187 избирачки места во Изборните единици 1, 2 и 6, со 161.874 запишани избирачи во Избирачкиот список. Повтореното гласање за избор на пратеници во овие избирачки места беше спроведено на 15 јуни 2008 година. На 29 јуни 2008 година беше спроведено и второ прегласување на 15 избирачки места во ИЕ 1 и ИЕ 6 со 14.551 запишани избирачи во Избирачкиот список, поради повторно поништување на гласањето во овие избирачки места

Гласањето на 1 јуни го следеа вкупно 444 акредитирани меѓународни набљудувачи и 5811 домашни набљудувачи (од кои Граѓанска асоцијација МОСТ имаше акредитирано 4044 граѓани). Повтореното гласање за избор на пратеници одржано на 15 јуни беше набљудувано од страна на 106 меѓународни набљудувачи и 304 домашни набљудувачи кои беа распоредени од страна на МОСТ. За спроведувањето на изборниот процес покрај домашните беа акредитирани и известуваа и 73 странски новинари и технички лица[1].

*1 Извор: www.sec.mk*

# *ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ*

На 12 април 2008 година, со Решение на Претседателот на Собрание на Република Македонија, г-дин Љубиша Георгиевски, беа распишани Предвремените парламентарни избори. Решението беше донесено по гласањето за самораспуштање на Собранието на Република Македонија.

Одлуката за самораспуштање на Собранието беше донесена на предлог на опозиционата партија Демократска унија за интеграција (ДУИ) со образложение дека изборите се потребни со цел да се прекине состојбата во која малцинската албанска партија се наоѓа во власта. Овој предлог исто така беше поддржан од владејачката ВМРО-ДПМНЕ, која својот став го образложи со потребата да се добие поефикасен парламент кој ќе може да одговори на потребите на Владата за побрзо донесување на законите и побрзо спроведување на планираните реформи.

На овој предлог се спротивставија политичките партии од опозиција, Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) и Либералнодемократската партија (ЛДП) како и одредени пратеници кои претходно ја подржуваа политиката на Владата, со тврдење дека со спроведувањето на изборите ќе се изгуби време неопходно за спроведување на потребните реформи и исполнување на условите поставени од Европската Унија (ЕУ) за започнување на преговорите за членство во унијата.

Сепак, главната причина за одржување на Предвремените парламентарни избори беа новите предизвици кои се поставија пред Република Македонија во процесот на интеграција во ЕУ и НАТО, а кои произлегоа од неразрешената ситуација со уставното име на земјата која ескалираше со недобивањето на покана за прием во НАТО на самитот во Букурешт . Во ваквата ситуација ВМРО – ДПМНЕ се одлучи за предвремени избори, со цел да ја зголеми својата политичка моќ, искористувајќи ја позиционираноста во јавноста како бескомпромисни бранители на името, наспроти перцепциите во јавноста за неконсолидираниот СДСМ како застапник на „европската“ стратегија која имплицира потреба за брз компромис со Грција по однос на прашањето со името.

# *ХРОНОЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Првите повеќепартиски Парламентарни избори во Р Македонија (ноември – декември 1990 година) беа спроведени според мнозински изборен модел. Во Парламентот влегоа претставници на седум политички партии и тројца независни кандидати. Ниту една политичка партија немаше апсолутно мнозинство, а во текот на мандатот неколкумина пратеници ги напуштија дотогашните партии и создадоа нови, други ја променија партиската припадност, а трети станаа независни пратеници. Изборниот модел не доведе до парламентарно мнозинство, па се создадоа коалиции меѓу неколку парламентарни групи (СКМ - ПДП, Сојузот на ПС, Социјалистичката партија и ПДП).

На вторите парламентарни избори (октомври – ноември во 1994), спроведени исто според мнозински изборен модел, малите политички партии не добија ниту еден мандат со освоени 80 000 гласови. Независните кандидати добија 7 мандати. Мнозинскиот изборен модел доведе до парламентарно мнозинство меѓу Сојузот за Македонија со ПДП, а Собранието функционираше без опозиција. Овој модел покажа асиметрија помеѓу изборните резултати и мандатите во Парламентот, како и неприменливост во македонски услови, што резултираше со негова промена.

На третите Парламентарни избори во 1998 година пратениците се избираа според мешан (мнозинско - пропорционален) модел, при што 85 пратенички мандати беа добиени според мнозинскиот и 35 според пропорционалниот модел. Мешовитиот изборен модел донесе 8 парламентарни партии, а предизборната коалиција на ВМРО-ДПМНЕ и ДА обезбеди апсолутно мнозинство и можност да формира Влада. Во владината коалиција и покрај апсолутното мнозинство се вклучи албанскиот политички блок ПДПА - НДП.

Една од обврските што произлезе со потпишувањето на Рамковниот договор беше донесување на нов пакет на изборни закони. Како приоритетни, во пакетот на изборното законодавство, кои требаше да се менуваат беа Законот за избор на пратеници и Законот за единствениот избирачки список. Истите беа променети и Парламентарните избори во 2002 се одржаа согласно новата законска регулатива.

За да им се овозможи учество и на помалите политички партии, четвртите Парламентарни избори во 2002 година, во Р Македонија беа спроведени по регионален пропорционален модел, каде територијата на државата беше поделена на шест изборни единици, со приближно ист број на избирачи во секоја од нив. Според резултатите од овие избори, Владата ја формираа Коалицијата “За Македонија заедно“ и новоформираната партија од албанскиот блок ДУИ. Според меѓународните и домашните набљудувачи изборите беа спроведени во најголем дел во согласност со меѓународните стандарди за демократски избори, но и со активности за време на изборите кои предизвикуваа сериозна загриженост[2].

Парламентарните избори во 2006, петти по ред, се одржаа според истиот модел како и претходните (пропорционален, со затворени листи и шест изборни единици), но според значително подобрена, кодифицирана легислатива. Новиот Изборен законик претставуваше законска рамка која даваше цврста и унифицирана основа за одржување на демократски избори, во кој беа вградени одреден број на препораки на ОБСЕ/ОДИХР, објавени во извештаите од претходните избори. Новиот Изборен законик понуди решенија кои обезбедија состав на објективна и независна изборна администрација, именувана од редот на државната и јавната администрација, со постојана и професионална ДИК, поддржана од страна на свој постојан секретаријат. Изборниот законик исто така понуди нови решенија во делот на финансирањето на изборните кампањи, во делот на заштита на избирачките права, а исто така одредени измени беа извршени и во Кривичниот

*2 Финален извештај на ОБСЕ/ ОДИХР за Парламентарните избори на 15 септември 2002 во ПЈРМ*

законик во насока на инкриминирање на одредени дела против изборите, како и во насока на заострување на казнената политика кон сторителите на кривични дела против изборите.

Според резултатите од изборите Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 45 пратенички мандати, Коалицијата За Македонија заедно предводена од СДСМ освои 32 пратенички мандати, Коалицијата ДУИ и ПДП освои 17 мандати, ДПА освои 11 пратенички мандати, НСДП освои 7, ВМРО – Народна партија освои 6 мандати и партиите ДОМ и ПЕИ освоија по еден пратенички мандат. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ заедно со новоформираната НСДП, која беше формирана од членови која ја напуштија СДСМ, и ДПА од албанскиот блок, формираше Влада.

# *ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ*

Мисијата на Граѓанска асоцијација МОСТ е да придонесе за развој на подемократска, постабилна и попросперитетна Македонија, преку инволвирање на граѓаните во активности и проекти кои обезбедуваат транспарентност, отвореност и одговорност на владините, политичките и изборните органи кон вистинските потреби на граѓаните.

За остварување на оваа цел МОСТ работи во рамките на три востановени програми: Одговорност и транспарентност, Едукација и вклучување на граѓаните и Отворени институции. Како дел од програмата Одговорност и транспарентност, МОСТ набљудуваше шест домашни национални изборни процеси. Во однос на меѓународното искуство во набљудување, МОСТ е членка на ENEMO (European Network of Election Monitoring Organizations) мрежата со која има набљудувано 7 изборни процеси, а свои набљудувачи испраќа и во рамките на ОБСЕ/ОДИХР мисиите. Во насока на едукација на гласачите МОСТ го спроведува проектот "Првпат гласам" во рамките на кој досега се едуцирани повеќе од 15.000 матуранти.

Предвремените парламентарните избори 2008, МОСТ ги набљудуваше во рамките на проектот „Домашно набљудување на Предвремените парламентарните избори 2008 година", а спроведени беа неколку активности во насока на зголемување на транспарентноста на целиот изборен процес. Целиот проект ги опфаќаше следните активности:

- Следење и известување за Кодексот за слободни и фер избори и однесувањето на учесниците во кампањата;
- Регрутирање, тренинг и распоредување на волонтери;
- Набљудување на предвременото гласање и гласањето на изборниот ден;
- PVT(Parallel Vote Tabulation/Паралелна обработка на податоците); и
- Набљудување на работата на Државната и Општинските изборни комисии.

Имајќи ја во предвид важноста на увидот во Единствениот избирачки список за остварување на правото на глас, МОСТ спроведе набљудување на овој процес како придонес кон зголемување на транспарентноста на изборниот процес. Покрај вообичаениот начин на увид на податоците во Избирачкиот список во подрачните единици во Министерството за правда и на овој изворен циклус на граѓаните им беше овозможено проверка на податоците во избирачкиот список, преку интернет страната *www.izbirackispisok.gov.mk*[3]. Според официјалниот бројач 8473 граѓани, до денот на изборите, се провериле преку веб страната во избирачкиот список.

Како дополнителна вредност на целокупното свое работење на овие избори МОСТ за првпат потпиша Меморандум за соработка со ДИК од областа на зајакнување на капацитетите на изборната администрација. Резултат на оваа соработка беше развиен модул за едукација на изборачките одбори проследен со Прирачник за едукација на изборната администрација.

И за овие избори, Националниот демократски институт (НДИ) разви Кодекс за слободни и фер избори, кој што го потпишаа учесниците во изборите. Кампањата за негова промоција се одвиваше под мотото "МОЖЕМЕ и МОРАМЕ фер избори 2008". Покрај во промоцијата на Кодексот (која беше реализирана во соработка со НДИ и Македонско женско лоби), МОСТ активно го набљудуваше почитувањето на истиот и за сознанијата ја известуваше јавноста. Предмет на набљудување беше и кампањата, однесувањето на учесниците во текот на истата, нивната реторика и почитувањето на законските прописи.

За набљудување на овој изборен процес, МОСТ акредитираше и обучи 4044 граѓани/ волонтери, од кои денот на изборите го следеа 3291. Заради сеопфатно следење на процесот на гласање, покрај статичните тимови, составени од двајца набљудувачи, МОСТ распореди и мобилни

*3 Оваа интернет страна, беше реализирана преку заеднички проект помеѓу Граѓанската Асоцијација МОСТ и Министерството за правда во 2006 година, со цел да им овозможи брз, лесен и ефикасен начин на проверка на податоците на граѓаните во Избирачкиот списокот*

тимови, кои ги посетуваа оние места на кои што немаше статични набљудувачи, а служеа и како логистичка поддршка за статичните тимови. Гласањето на одредени гласачки места беше следено од посебни, т.н. ротирачки набљудувачи, а собирањето на материјалите и сумирањето и табелирањето на резултатите беше предмет на набљудување на волонтерите во ОИК.

ПВТ програмата[4] беше спроведена на целата територија на Р Македонија. За сите овие сегменти јавноста беше информирана преку соопштенија за медиумите. Резултатите добиени со помош на оваа програма беа објавени на конференциите за јавност, веднаш по обработката на податоците во ПВТ центарот.

Покрај на денот на изборите, набљудувачи на МОСТ беа присутни на гласачките места и денот пред изборите, кога своето право на глас го остварија болните и изнемоштени лица, внатрешно раселените и затворениците.

Дополнително, под лупата на набљудувачите на МОСТ се најде и работата на Државната и Општинските изборни комисии, а набљудуван беше и процесот на поднесување на жалби и приговори од денот на гласањето.

За прегласувањето на 15 и 29 јуни МОСТ распореди вкупно 325 набљудувачи и тоа 304 на петнаесетти јуни и 21 на прегласувањето од 29 јуни. Тие во текот на целиот ден го набљудуваа процесот на гласачките места.

За успешно спроведување на проектот, активни беа 19 регионални канцеларии на МОСТ, локални НВОи од различни делови на Р Македонија. Овие канцеларии, во кои покрај 28 координатори, ангажирани беа и голем број на волонтери, беа задолжени за спроведување на сите активности на терен. Размена на информации со нив, покрај во редовна секојдневна комуникација, беше направена и на двете специјално организирани брифинг сесии.

За спроведување на овој проект МОСТ доби поддршка од Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Кралството Холандија, Швајцарската агенција за меѓународен развој, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Амбасадата на САД, ОБСЕ Набљудувачката мисија во Скопје и Амбасадата на Кралството Норвешка.

Граѓанската асоцијација МОСТ изразува благодарност до сите поддржувачи на нејзините активности, посебно до граѓаните кои како волонтери/ набљудувачи дадоа свој придонес во транспарентноста и отвореноста на изборниот процес.

*4 Програма за паралелно табелирање на гласовите*

# *ГЕНЕРАЛНА ОЦЕНКА*

Парламентарните избори 2008 година, се спроведоа во согласност со дел од пропишаните меѓународни стандарди, но сепак големиот број на нерегуларности кои беа забележани укажуваат дека одредени сегменти од изборниот процес се сериозно влошени споредбено со претходните изборни циклуси.

И покрај декларативно искажаната подготвеност на учесниците во изборниот процес за почитување на Кодексот на однесување за слободни и фер избори, евидентно беше непочитување и прекршување на истиот, односно непостоење на доволна политичка волја кај политичките конкуренти да се спроведе изборниот процес во демократска атмосфера и со целосно почитување на позитивните законски прописи. Евидентна беше и појавата на злоупотреба на одредени сегменти од државните институции заради вршење на изборни нерегуларности, како и појава на злоупотреба на државни ресурси заради стекнување предност во изборниот натпревар.

Во текот на изборната кампања во областите со доминантно албанско население континуирано беа забележувани случаи на насилство и заплашување врз гласачите и политичките конкуренти. Од набљудувачите стигнуваа известувања за бројни инциденти, вклучувајќи напади на локални партиски канцеларии, физички пресметки меѓу партиски активисти, како и инциденти со истрели од огнено оружје, без жртви, во кои беа вклучени етничките албански партии, Демократска унија за интеграција (ДУИ) и Демократска партија на Албанците (ДПА). Ова резултираше со заплашување на избирачите, но и на изборната администрација. Некои членови на изборната администрација побараа да бидат изземени пред изборите, посочувајќи на постоење на страв од можна ескалација на насилство на денот на изборите. Ситуацијата во останатиот дел од земјата беше доста посмирена, со помалку добиени извештаи за инциденти, но сепак со силна реторика и појави на притисоци.

На 1 јуни евидентирани беа случаи на нужна интервенција на полицијата и нужна употреба на оружје. Во престрелките има жртви, убиен и ранети, како помеѓу учесниците во инцидентите така и граѓани.
На овие предвремени избори во постапката на гласање регистрирани беа неправилности како што се полнење на гласачки кутии, палење и одземање на гласачки материјал, проблеми со избирачките списоци, гласање во име на друга личност, групно гласање, семејно гласање, и непочитување на процедурата за идентификација на гласачите.

Особено сериозни неправилности беа забележани во текот на постапката на пребројување на гласовите и сумирање на резултатите. Голем дел од ИО, особено во деловите со доминантно албанско население, не ја почитуваа постапка за броење на гласовите и управување со изборниот материјал. Најголем дел од овие неправилности се појавија како резултат на притисокот од вооружени групи врз избирачките одбори, меѓутоа дел од забележаните неправилности во постапката за броење на гласовите се појавија и како резултат на пропусти на изборната администрација. Сумирањето на резултатите во ОИК главно беше уредно со исклучок на ОИК Тетово каде беше забележана тенденција за фалсификување на записниците при сумирањето на резултатите[5].

*5 Извештај за работата на ДИК на која беа присутни членовите на ОИК Тетово.*

## *ПРЕПОРАКИ*

Во насока на подобрување на изборните процеси во иднина, а заради намалување на можноста за различно толкување на одредени одредби од Изборниот законик, Граѓанска асоцијација МОСТ препорачува да бидат направени следните измени:

- Да се редефинираат границите на Изборните региони, посебно да се води сметка за општинските граници и бројот на гласачи во секоја од нив поодделно.

- Потребно е прецизно да се наведат сите дејствија кои претставуваат изборна кампања, заради тоа што начинот на кој што сега е дефиниран поимот „изборна кампања", остава можност за различни толкувања и предвремено отпочнување на истата.

- Правилата за предвременото спроведување кампањи треба да важат само за медиумите. Тоа би значело дека треба да се прецизира отпочнувањето на дејствијата како на пример бесплатните емитувања на изборни пораки, политички маркетинг, истакнување материјали од кампањите и др. Нарушувањето на ваквите посебни правила треба да биде забрането и казниво според Изборниот законик.

- Треба да се преземат чекори за решавање на конфликтот на интереси во врска со директната или индиректната контрола на националните приватни радиодифузери од страна на лица кои се ангажирани во политиката, особено поради тоа што со ваквата контрола беше ограничено правото на рамноправен пристап во медиумското преставување.

- Изборите покажаа дека организаторите на кампања реално ги надминаа законските лимити за трошоците за изборната кампања, што доведе до ситуација на неприкажување на реалните трошоци направени во текот на кампањата. До ваквата ситуација дојде поради малите лимити за средства кои можат да се потрошат во текот на изборната кампања, поради непостоење на дефиниција на тоа што претставуваат трошоци за кампањата, ниту пак за тоа што претставува изборна кампања. Затоа е потребно преиспитување на овој дел од Изборниот законик со цел да се овозможи финансирање согласно реалните потреби на политичките субјекти, но од друга страна да се внимава да не се наруши балансот во финансирање кој овозможува програмите и кандидатите да бидат пресудни во политичкиот избор.

- Изборниот законик треба да биде изменет така што ќе забранува давање анонимни донации на средства.

- Потребно е да се обезбеди механизам кој ќе и овозможи на јавноста добивање на потребните информации за начинот, изворот на финансирање на политички субјекти пред да го остварат своето гласачко право (опција за надминувањето на овој проблем е поднесување на финансиските извештаи од страна на политичките партии сукцесивно на помали временски интервали во текот на изборната кампања, што ќе овозможи гласачот пред денот на изборите да се запознае со каков товар неговата преферирана политичка партија влегува во изборната трка).

- Да се предвиди финансиските извештаи да се поднесуваат во разумен рок по изборите, но пред верификацијата на мандатите, со цел да се остави време на надлежната изборна комисија доколку со правосилна пресуда се утврди дека во текот на изборната кампања се користени средства стекнати од извршени казниви дела да не издаде решение за верификување на мандат, односно да издаде решение на следниот кандидат или кандидатска листа кој/а добил/а најмногу гласови.

- Потребно е да се направи детална анализа на бројот на државната и јавната администрација, во секоја општина поодделно, и да се подготви стратегија за начин на нивно номинирање во Избирачки одбори. Со ова би се избегнало масовното транспортирање на лица во други општини и би се избегнала појавата на масовно откажување во последен момент на веќе избраните членови. Во таа насока потребно е да се допрецизира и одредбата во чл.18 ст.3 од Изборниот законик, која овозможува лице од здравствени или семејни причини да не ја прифати должноста да биде член на ОИК или ИО, бидејќи истата остава можност за субјективно одлучување на органот кој одлучува по изјавата за откажување. Изборите покажаа голема неконзистентност и арбитрерност при номинирањето на членови на ИО од страна на некои ОИК, дел поради недоволна техничка опременост, дел поради политички притисок кој беше извршен врз одредени членови на ОИК.

- Треба да се надмине проблемот со недостатокот на ефикасна координација помеѓу ОИК и ИО и проблемите кои се појавија со континуираниот политичкиот притисок кој беше вршен врз дел од ОИК и ИО, што ја намали довербата во работењето кај некои ОИК и ИО.

- Постапката за утврдување валидност на кандидатурите покажа неконзистентност и контрадикторности. Затоа, неопходно е да се ревидираат чл.67 став 2 и чл. 67 став 4 од Изборниот законик, за да се усогласат роковите за отстранување на утврдените неправилности во поднесените листи и рокот кој ДИК го има за донесување решение за потврдување, односно отфрлување, на поднесените листи. Дополнително потребно е да се предефинираат и останатите рокови, така што истите ќе балансираат помеѓу императивот за итност на постапката и потребата да се обезбеди доволно време за отстранување на неправилностите, како и доволно време за да се разгледа случајот и да се изведат доказите за да се донесе правична одлука. Изборниот законик исто така експлицитно не ги наведува основите по кои поднесена листа ќе биде отфрлена што доведе до ситуацијата приговорите и жалбите во врска со сличните имиња на кандидати да бидат отфрлени како неосновани.

- Роковите за предавање на изборниот материјал од ОИК до ДИК со оној што ОИК го има за сумирање на резултатите од гласањето за соодветната изборна единица се преклопуваат, затоа е потребно нивно усогласување.

- Во предизборниот период, организаторите на изборната кампања имаат ограничен пристап до ефикасни правни лекови за заштита на нивните права. Постапката за заштита на правата на организаторите на изборната кампања е нејасна и конфузна, а судиите во основните и апелационите судови не се запознаени со нивните надлежности и не поседуваат доволно компетенции за да испорачаат ефикасна правна заштита. Потребно е да се дорегулира овој дел од Изборниот законик.

- Основите за поведување на постапка за поништување на изборните резултати треба да бидат предефинирани, така што судовите и изборните органи ќе се ослободат од товарот да одлучуваат по ирелевантни или безначајни барања. Треба исто така да се преиспита можноста како основ за поништување на изборните резултати да се предвидат и повреди на правилата за водење на изборната кампања, со оневозможување на остварување на избирачките права како и преку вршење на повреди на други закони, како на пример, повреда на кривичниот или законите од граѓанското право во врска со активности поврзани со изборите со кои директно се влијаело врз изборните резултати.

- Треба да се разгледа можноста за имплементирање на пропорционален изборен модел со отворени листи каде освен за политичкиот субјект ќе се гласа и за кандидат од истата листа. На тој начин би се обезбедила поголема демократија во процесот на номирирањето на кандидатите од страна на политичките партии.

# ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија се состои од Уставните одредби што се однесуваат на изборниот систем и од Изборниот законик кој е донесен на 29 март 2006, а стапи во сила на 31 март 2006 година.

Членот 22 од Уставот на Република Македонија го гарантира универзалното избирачко право на граѓанинот, додека членовите 62 и 63 ја уредуваат организацијата и начинот на состав на Собранието на Република Македонија.

Изборниот законик ги уредува начинот, условите и постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, начинот и постапката на евидентирање на избирачко право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици, утврдување, менување и објавување на избирачките места, условите за функционирање на избирачките места, како и постапката за заштита на избирачките права.

Согласно Изборниот законик, во Собранието на РМ се избираат 120 пратеници, според пропорционалниот модел, со затворени листи. Територијата на РМ е поделена на 6 изборни единици, и во секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници. Една партија, коалиција или група граѓани може да предложи листа од 20 кандидати. Пресметувањето на мандатите се врши по Д'Хонтовиот метод.

Изборниот Законик кој беше донесен во 2006 година, и кој по донесувањето не е изменет и дополнет, иако дава цврста основа за одржување на демократски избори, сепак во одредени аспекти и одредби е нејасен и контрадикторен. И покрај препораките на Граѓанската Асоцијација МОСТ и ОДИХР/ОБСЕ кои во своите извештаи за претходните избори изнесоа препораки за измени и дополнување во насока на подобрување на правната рамка за спроведување на фер и демократски избори, сепак во периодот помеѓу два изборни циклуси не беше ставен на расправа во Собранието.

Одредена дилема пред изборите се појави во врска со надлежноста за судската заштита на избирачките права (позитивен судир на надлежноста). Согласно Изборниот законик, надлежен орган за решавање по жалбите на одлуките на ДИК е Врховниот суд на Република Македонија. Од друга страна, согласно Законот за судовите и Законот за управните спорови, против одлуките на ДИК беше дозволено водење управен спор пред Управниот суд. Оваа дилема, не беше ни малку безначајна, напротив, многу сериозна, па дури и опасна. Сепак, ДИК со одлуката да ги проследува сите жалби кај Врховниот суд, која беше прифатена од страна на државните органи и учесниците во изборниот процес ја разреши оваа status quo ситуација, која можеше да ја доведе во прашање регуларноста на целиот изборен процес.

# *СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ*

Од сите сегменти кои што го сочинуваат целокупниот изборен процес, во рамките на овој извештај е даден осврт на оние делови кои што беа предмет на набљудување на Граѓанска асоцијација МОСТ, согласно проектот за Домашно набљудување на Предвремените парламентарните избори 2008.

## *Поднесување на листи за пратеници*

Право да поднесат листа на кандидати за пратеници имаат регистрираните политички партии, самостојно или во коалиции, како и група избирачи. Во случај на поднесување на листа од страна на група избирачи, листата мора да биде поддржана со најмалку 1000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список во соодветната изборна единица.

Поднесената листа на кандидати за пратеници треба да содржи: број на изборна единица, назив на листата, име и симбол на подносителот на листата, име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат за пратеник и содржи онолку кандидати колку што се избираат во изборната единица со означување на нивното постојано живеалиште, професија и ЕМБГ.

Во поднесената листа на кандидати за пратеници, на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол.
Листата на кандидати се доставува до надлежната изборна комисија најдоцна 30 дена пред денот на одржување на изборите[6]. Државната изборна комисија утврдените единствени листи на кандидати за пратеници во изборните единици треба да ги објави во дневниот печат од кој еден е на јазикот на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, најдоцна 20 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Во законски утврдениот рок (2 мај 2008 година до 24:00 часот) до ДИК за Предвремените парламентарни избори 2008 беа доставени 84 листи на кандидати од страна на 20 подносители.

- 2 листи на кандидати од група избирачи;
- 12 листи на кандидати од 2 коалиции;
- 70 листи на кандидати од 16 политички партии.

ДИК ги разгледа листите на кандидати за избор на пратеници со цел да утврди дали истите се поднесени во утврдениот рок и составени согласно одредбите од законикот – (член 67 став (1) од Изборниот законик). По ова, ДИК со решение потврди 78 листи на кандидати за шесте изборни единици. Од нив, за првата изборна единица имаше 16 листи, за втората 15 листи, за третата 11, за четвртата 10, за петата 12 и за шестата изборна единица 14 листи на кандидати. Поради некомплетна документација (изјавите за прифаќање на кандидатура не беа заверени на нотар) со решение единствено беа отфрлени шесте листи на Македонски обединети сили – Семакедонска работничка партија.

Дополнително, ДИК донесе решение за поништување на веќе потврдената листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија за Изборната единица 6 поднесена од ВМРО - Народна партија, од причина што организаторот на изборната кампања не отвори жиро - сметка со назнака „за изборна кампања“ во рок од 48 часа по потврдувањето на листите. По однос на оваа листа уште при првичното потврдување се јавија проблеми бидејќи и покрај законската обврска, сепак, не беше приложена потврда за регистрација од надлежниот суд. Но, ДИК тогаш зазема пофлексибилен став и ја потврди листата откако од Централниот регистар им беше доставена листа на регистрирани партии меѓу кои се наоѓаше и ВМРО – НП.

*6 Изборен законик на Р Македонија Член 15 став 2 “Предвремени избори за пратеници се спроведуваат во согласност со одредбите на овој законик, а сите рокови за изборните дејствија се скратуваат за пет дена, освен рокот утврден за спроведување на изборната кампања”.*

По сите завршени постапки ДИК конечно потврди:

18 подносители на листи
77 поднесени листи на кандидати
1540 кандидати за пратеници

Од кои:

- 2 листи на кандидати од група избирачи,
- 2 коалиции поднеле 12 листи на кандидати,
- 14 подносители на листи на кандидати се политички партии кои поднеле 63 листи; или:

ИЕ 1 – 16 поднесени листи на кандидати
ИЕ 2 – 15 поднесени листи на кандидати
ИЕ 3 – 11 поднесени листи на кандидати
ИЕ 4 – 10 поднесени листи на кандидати
ИЕ 5 – 12 поднесени листи на кандидати
ИЕ 6 – 13 поднесени листи на кандидати

Широка и оправдана дебата предизвика појавата на кандидатските листи на СДПМ, каде постоеше сличност во имињата и презимињата со носителите на кандидатските листи од Коалицијата Сонце. За дел од членовите на ДИК тоа претставуваше обид да се создаде конфузија кај гласачите. Меѓутоа, и покрај поднесениот приговор од Коалицијата Сонце, ДИК заклучи дека кандидатските листи на СДПМ ги исполнуваат сите законски услови и дека не постојат основи за поништување на овие листи.

Дополнително остана и дилемата дали беше законски потврдена кандидатската листа на коалицијата предводена од ВМРО – ДПМНЕ за изборната единица 2, од причина што на истата се наоѓа лице на кое со правосилна судска пресуда “му е изречена казна затвор од најмалку шест месеци“ со што не ги исполнува условите кои се потребни за да стекне право да биде избран за пратеник. И покрај тоа сепак оваа листа беше потврдена, со образложение дека Уставниот суд на Република Македонија има заземено став дека ова не може да биде услов за изборна функција. Дел од членовите на ДИК искажаа и став дека на ова лице со актот на помилување му се избришани правните последици.

## *Изборна кампања*

Изборниот законик ја дефинира “Изборната кампања“ како: јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предвидениот период за одредени избори. Според легислативата, истата започнува 20 дена пред денот определен за одржување на изборите, и не смее да трае 24 часа пред и на денот на изборите, а за прекршителите на истите предвидени се казнени мерки.

И покрај законските одредби и за овој изборен циклус карактеристично беше преземање на активности за спроведување на изборната кампања од страна на политичките субјекти многу порано од предвидените рокови. Најголем дел од овие активности беа покривани од националните медиуми.

Граѓанската асоцијација МОСТ во повеќе наврати јавно реагираше за прекршувањето на одредбите во законот, но ДИК сметаше дека предвреме почнатото претставување на политичките партии пред граѓаните претставува политичка активност, а не предизборна кампања. Како и да е, во повеќе наврати, иако при тоа изнесуваше сопствен став, претседателот на ДИК јавно апелираше до политичките партии да не спроведуваат активности туку да го почекаат законскиот старт на предизборната кампања. Овој чин беше јавно признание на претседателот на ДИК дека партиите

всушност предвремено ја започнаа предизборната кампања. И мислењата на експертите беа поделени, но преовладуваше ставот дека партиите пред време ги започнаа своите активности. Уште повеќе, јасен е фактот дека само една дефиниција во законот не е доволна и треба да се работи на допрецизирање на одредбите, во насока на намалување на можноста за злоупотреба и различно толкување на истите.

Според МОСТ прекршен беше и членот 78 од Изборниот законик во кој стои дека општините и градот Скопје имаат обврска да ги обележат местата каде што е дозволено да истакнуваат плакати без надоместок за секој подносител на листи одделно. На прес конференција МОСТ ги повика соодветните државни органи да го санкционираат кршењето на законот и да пропишат парични казни за прекршителите согласно член 148 од законикот. Во Изборниот законик стои дека Општините и Градот Скопје се должни да ги објават условите за добивање право за користење на местата за истакнување изборни плакати, најдоцна 40 дена пред одржување на изборите.

Пред официјално да започне законскиот период за одржување на изборна кампања, повеќе локални штабови на политички партии беа нападнати и демолирани. Преовладуваа случаите на демолирање на штабови помеѓу партиите од албанскиот политички блок. Потребна беше интервенција на претставниците на меѓународната заедница во Р Македонија, за да стивнат тензиите и кампањата да продолжи во мирна атмосфера.

Пред почетокот на изборната кампања на иницијатива на Националниот демократски институт (НДИ), во соработка со Македонското женско лоби и Граѓанската асоцијација МОСТ, претседателите на политичките партии учесници во изборната трка потпишаа „Кодекс на однесување за слободни и фер избори“, според кој се обврзаа дека ќе се почитуваат меѓусебно и дека во целост ќе работат во согласност со одредбите пропишани со Изборниот законик.

Карактеристика и на оваа изборна кампањата беше поделената политичка сцена по етничка основа, па клучната изборна трка се водеше за освојување на гласовите од избирачите од своите етнички заедници.

И покрај потпишаниот Кодекс на однесување од страна на политичките субјекти, сепак вокабуларот користен на јавните собири, од масовен карактер, повторно покажа голема нетрпеливост и поделеност помеѓу припадниците на спротивставените опции и кај македонскиот и кај албанскиот политички блок. За време на изборната кампања набљудувачите на МОСТ регистрираа бројни вооружени инциденти особено во деловите на државата со доминантно албанско етничко население, што резултираше со заплашување на граѓаните и членовите на Избирачките Одбори. Особено загрижувачки е фактот дека полицијата беше немоќна да го спречи континуираното политичко насилство.

Во останатиот дел од државата кампањата се одвиваше во порелаксирана атмосфера но сепак со значителна употреба на негативна кампања. Често се употребуваа и лични навреди и обвинувања, а кон крајот на кампањата беше забележливо и искажување на сомнеж во органите за спроведување на изборите.

На собирите и непосредните средби со граѓаните, беа дискутирани економските проблеми во државата, но акцент беше ставен на предизвиците кои се поставија пред Република Македонија во процесот на интеграција во ЕУ и НАТО, а кои произлегоа од неразрешената ситуација со уставното име на земјата.

Во периодот пред официјалниот старт на изборната кампања како и за време на истата беа забележани кампањи во кои се рекламираше владината политика. Исто така беше забележано и користење на службени возила во изборни кампањи од страна на одредени политички субјекти. И за време на оваа изборна кампања имаше употреба на деца за политички цели. Децата беа користени во различни цели: од слики на деца истакнати на пропаганден материјал, до “китење“ со партиски симболи.

За време на изборната кампања беа забележани и одредени активности насочени кон предизвикување конфузија кај избирачите.

И после оваа изборна кампања остана чувството дека некои од учесниците потрошија големи суми на пари за организирање и спроведување на истите. Одредбите од Изборниот законик дозволуваат секој организатор на кампања да потроши максимум 60 денари по запишан гласач во изборната единица каде што има поднесено листа.

### *Предвремено гласање*

Генерално предвременото гласање на болните и изнемоштени лица, затворениците и раселените лица спроведено на 31.05.2008 се одвиваше во мирна атмосфера, но и на овие избори не изостанаа проблемите од техничка природа. Набљудувачите на МОСТ забележаа одредени грешки во постапката како и одредена несигурност на членовите на Избирачките одбори околу точните постапки за спроведување на таквото гласање (повреда на тајноста на гласањето при гласањето на болните и изнемоштени лица и немање соодветни документи за гласање кај затворениците со што правото на глас беше спречено).
Треба да се потенцира дека за првпат од осамостојувањето на државата, како дел од групите кои гласаат еден ден порано не се вброија припадниците на Армијата на РМ. Професионализацијата на Армијата сама по себе ја исклучи оваа можност.

### *Изборен ден*

#### *• Гласање на 1 јуни 2008*

Процесот на гласање за шестите парламентарни избори беше спроведен на 1 јуни 2008 година. 2976 избирачки места на територијата на Р Македонија беа отворени од 07 до 19 часот. Од 1.779.116 гласачи, своето право на глас, според податоците на ДИК, го оствариле 1.031.632 гласачи или 57,99% од вкупниот број на запишани гласачи во Единствениот избирачки список.

Предмет на набљудување на статичните тимови на МОСТ беа 67% од вкупниот број на гласачки места, односно 2016 избирачки места. Врз основа на нивните извештаи како и извештаите добиени од регионалните координатори, Граѓанската асоцијација МОСТ денот на Предвремените парламентарните избори 2008, го оцени како тензичен, со притисоци, со ограничени, но сериозно тешки инциденти со употреба на оружје, каде што беше нужна интервенција на полицијата. Во престрелките имаше убиен и ранети, како помеѓу учесниците во инцидентите  така и недолжни граѓани.

Набљудувачите на МОСТ во текот на денот известуваа за времени прекини на гласањето и целосно предвремено затворање на гласачки места во изборните единици 1 и 6. Поради тоа повлечени или избркани од гласачките места беа 97  набљудувачи на Граѓанската асоцијација МОСТ, поради што МОСТ не ги сублимираше податоците и не ги соопшти резултатите од ПВТ (паралелно табелирање на гласовите) програмата за распоредот на мандати во првата и шестата изборна единица.

Набљудувачите, кои што присуствуваа на отворањето на избирачките места, во 90 случаи известија за постоење на пропаганден материјал пред гласачките места, а во 45 случаи известија дека Избирачкиот одбор не ги поседувал сите потребни материјали. Задоцнето отворање на гласачкото место било забележано во 303  случаи.

На денот на изборите во деловите од земјата со доминантно албанско населени исто така беа евидентирани неправилности како што се полнење на гласачки кутии, палење и одземање на гласачки материјал,  проблеми со избирачките списоци. Од страна на изборната администрација

постапката за гласање не беше секој пат почитувана, што доведе до појава на гласање за друга личност, семејно гласање и групно гласање со што на голем број граѓани им беше ускратено или злоупотребено правото на глас. Со ова значително се доведе во прашање довербата во изборниот процес. И во останатите 4 изборни единици, беа регистрирани пропусти, како семејно гласање, непочитување на постапката за идентификација на гласачите, проблеми со избирачкиот список, но сепак, нивната зачестеност немаше значително влијание врз остварувањето на правото на глас.

Во поглед на спроведување на самата процедура на гласање и броење на гласовите од страна на Избирачките одбори одредени сегменти беа сериозно влошени. Во одреден број случаи беше забележана недоволна обученост, односно непрецизност во спроведување на постапката. Меѓутоа според извештаите на набљудувачите на МОСТ голем дел од неправилностите се појавија и како резултат на континуираниот притисок кој беше вршен од страна на одредени политички субјекти и вооружени групи врз членови на ИО, кои кулминираа при постапката на броење на гласовите. Сепак, со оглед на реалната состојба поголемиот дел од изборната администрација одговорно ја изврши својата функција.

МОСТ констатираше дека битно е зголемено учеството на жените во изборниот процес како на кандидатските листи така и како дел од изборната администрација, што недостасуваше на претходните изборни циклуси.

МВР на денот на гласањето не делуваше согласно законските надлежности, а одредени структури од МВР директно учествуваа во креирањето на изборните нерегуларности што допринесе до зголемување на недовербата кај граѓаните во регуларноста на самиот изборен процес[7].

Во текот на целиот изборен ден МОСТ ја информираше јавноста за случувањата од теренот, користејќи се притоа со проверени и потврдени информации добиени од набљудувачите на избирачките места и регионалните координатори.

За дополнителна проверка на дојавените информации и за покривање на ИМ места што не беа покриени со статични набљудувачи како и за набљудување на околината на избирачките места, од страна на МОСТ беа ангажирани и 77 мобилни тимови.

- ***Прегласување на 15 јуни 2008***

По завршување на постапката за одлучување по приговорите за поништување и повторување на гласањето, ДИК донесе одлука за повторување на гласањето на 187 Избирачки места. Прегласувањето беше спроведено на 28 избирачки места во 1 ИЕ, на 40 избирачки места во 2 ИЕ и на 119 избирачки места во 6 ИЕ.

Граѓанската асоцијација МОСТ прегласувањето на Предвремените парламентарни избори 2008 го набљудуваше со 304 набљудувачи, распоредени на 86% проценти од избирачките места на кои се прегласуваше.

Денот на прегласувањето на Предвремените парламентарни избори 2008, од страна на набљудувачите на МОСТ генерално беше оценет како мирен, со силно присуство на полицијата и со сериозни нарушување на процедурата на гласање на одредени избирачки места. Набљудувачите на МОСТ забележаа значителен број на случаи на семејно гласање, гласање во име на друг, гласање без соодветна документација и повеќекратно гласање. Најголем процент од избирачките места со вакви нарушувања беа во изборната единица 6.

Во споредба со први јуни, не беше забележан притисок како врз избирачките одбори, така и врз гласачите, а бројните набљудувачки тимови и присуството на полициските сили им овозможија

*7 Поради изборни инциденти суспендирани се 22 полицајци, а тројца припадници на МВР се во притвор - Гордана Јанкуловска, Министер за внатрешни работи (13.06.2008)*

на избирачките одбори комплетно да ја контролираат процедурата и да ја преземат одговорноста за регуларноста на изборите. Со оглед на одлично завршената работа на МВР, како и присутноста на функционерите и дипломатскиот кор како набљудувачи на процесот, целосната одговорност за сите неправилности е на избирачките одбори како дел од изборната администрација, на чие чело е Државната изборна комисија.

- ***Прегласување на 29 јуни 2008***

По завршување на постапката за одлучување по приговорите за поништување и повторување на гласањето, ДИК донесе одлука за повторување на гласањето на 15 Избирачки места и тоа во Изборната единица 1 на 4 ИМ во општина Сарај и во ИЕ 6 на 11 ИМ и тоа во општините Тетово, Гостивар, Желино и Брвеница.

Граѓанската асоцијација МОСТ, повторното прегласување на Предвремените парламентарни избори го оценува како мирен процес, но со повторно забележани неправилности во постапката на гласање и броење на гласовите.

***Ѓ Јавувања на граѓаните на 080 080 080***

Забелешките и неправилностите за текот на гласањето, граѓаните можеа да ги јавуваат на бесплатна телефонска линија 080 080 080, во Граѓанска асоцијација МОСТ. Вкупен број на регистрирани јавувања на телефонската линија е 95. Најчесто повиците се однесуваа на прекршување на изборниот молк, пред деновите на гласање, проблеми околу податоците во Избирачкиот список, агитации од страна на кандидатите, а беше информирано и за индикации за поткупување на гласачите.

Карактеристично за овој изборен циклус е што се регистрирани повици на оваа линија од страна на членови на ИО на денот на изборите кои пријавуваа нерегуларности на ИМ и вршење притисок врз нив од страна на вооружени лица.

Сите јавувања беа поодделно проверувани од страна на регионалните координатори на МОСТ и за истите, доколку постоеше потврда за нивната вистинитост, беше информирано во јавноста.

***Приговори и жалби***

Заштита на правата на кандидатите се гарантира преку три различни постапки. Кандидатите можат да отпочнат постапка за заштита на нивните права кои се повредени во текот на изборните кампања, пред првостепените судови во текот на изборната кампања, а тие одлуки можат да се обжалат пред апелационите судови. На кандидатите и избирачите исто така им стои на располагање и постапката за заштита на нивните права кои се повредени во постапката на регистрирање во избирачкиот список или во постапката на кандидирање. Покрај овие постапки кандидатите можат да поднесат приговор со предлог за поништување на изборните резултати пред ДИК и да ја обжалат одлуката на ДИК пред Врховниот суд.

И на овој изборен циклус се покажа дека организаторите на изборната кампања немаат ефикасни правни средства за заштита на нивните права кои се повредени во текот на изборната кампања. Постапката за заштита на правата на кандидатите пред првостепените судови, во текот на изборната кампања и натаму остана нејасна и конфузна. Остана нејасно кој вид на постапка може да се покрене пред судовите, граѓанска или прекршочна. И овој изборен циклус покажа дека основните судови, не се запознаени со нивните надлежности за решавање по приговори поврзани со изборите, поднесени од страна на организаторите на кампањи.

ДИК процесот на решавањето на приговорите за поништување го спроведе ефикасно, транспарентно и со задоволителна инклузивност на сите заинтересирани страни. Како особено позитивно се оценува фактот што фактичката состојба кај поголем дел од избирачките места беше утврдувана со примена на увид во целокупниот материјал избирачко место по избирачко место. Сепак забележителна беше одредена неконзистентност во примената на овој систем што доведе до намалување на довербата во целокупниот процес на поништување на изборните резултати од страна на некои политички субјекти.

До ДИК беа поднесени приговори од 2 коалиции и 3 политички партии за поништување на резултатите во 376 избирачки места по однос на резултатите од гласањето спроведено на 01 јуни 2008 година. ДИК по разгледувањето на приговорите одлучи да ги поништи резултатите во 159 избирачки места. Претходно донесе одлука да бидат поништени резултатите во 38 избирачки места по службена должност, поради постоење основи за задолжително поништување (гласањето беше прекинато повеќе од 3 часа).

Против одлуките на ДИК беа поднесени 80 жалби до Врховниот суд. Од наведените жалби од овластените претставници, Врховниот суд преиначи 9 решенија на Државната изборна комисија, за 12 избирачки места. Со што по конечноста на одлуките на 15 јуни 2008 година се прегласуваше на 187 избирачки места во Изборните единици 1 (28 избирачки места), 2 (40 избирачки места) и 6 (119 избирачки места).

По однос на резултатите од повтореното гласање спроведено на 15 јуни 2008 година, ДИК разгледа 24 приговори кои се однесуваа на 165 избирачки места, при што одлучи да поништи 11 избирачки места. Претходно, донесе одлука за поништување на резултатите од 4 избирачки места поради постоење основи за задолжително поништување.

Основите за приговори беа: полнење на гласачки кутии, нарушена тајноста на гласањето, гласање на едно лице за друг, притисок врз членови на Избирачкиот одбор, фалсификување на потписи во изводот од Избирачкиот список и фалсификување во записниците од гласањето со основано сомневање за извршено кривично дело итн.

# *ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА*

Согласно законските одредби, одговорни органи за спроведување на овие парламентарни избори беа: Државната изборна комисија, 84 општински изборни комисии и 2976 избирачки одбори.

## *Државна изборна комисија (ДИК)*

Граѓанската асоцијација МОСТ, во најголем дел, работата на ДИК ја оценува како професионална и со зголемена ефикасност и покрај скратените рокови за преземање на изборните дејствија. ДИК во текот на целиот изборен процес својата работа ја извршуваше јавно и транспарентно со генерално почитување на законските рокови.

Согласно Изборниот законик, Државната изборна комисија е составена од претседател, заменик и пет члена. Претседателот и членовите на ДИК функцијата ја вршат професионално со мандат од 5 години со право на повторен избор.

Ова е втор изборен циклус кој го спроведе овој состав на ДИК, што се покажа како позитивно, бидејќи ефикасноста во работење беше зголемена и покрај скратените рокови за преземање на изборните дејствија. Членовите на ДИК работеа професионално, со почитување на изборни одредби и рокови и во целосна координираност со стручната служба која беше вистинска логистичка поддршка во изборниот процес. Степенот на обученост на стручната служба на ДИК, техничката опременост и користењето на информатичката технологија значително ја зголемија ефикасноста во работењето.

Како особено позитивно се оценува: вклучувањето на сите заинтересирани страни при решавање на неколку спорни прашања кои се појавија во изборниот процес (инклузивност во процесот на одлучување), успешната обука на членовите на ОИК и ИО што придонесе кон зголемување на довербата во ОИК и ИО, медиумската едукација на гласачите, особено, кампањата за спречување на изборните нерегуларности како и координираноста со стручната служба која беше вистинска логистичка поддршка на ДИК во изборниот процес. За прв пат досега, ДИК издаде Прирачник за едукација на избирачките органи[8], кој беше поделен на сите членови и согласно кој требаше да биде спроведен процесот на гласање и сумирање на резултатите.

Сепак, загрижуваат појавите на некоординираност на ДИК со државните органи кои треба да им обезбедат логистика во изборниот процес (Министерство за правда, МВР, Агенција за државни службеници) и појавите на необезбедување на правна заштита на учесниците во изборниот процес, кога нивните права се загрозени во периодот на изборната кампања. Исто така забележано беше и несанкционирање на повредите на правилата за водење на изборната кампања поради тесното толкување на изборните одредби.

Забележани беа и случаи Агенцијата за државни службеници да доставува неажурирани списоци со државни и јавни службеници, што фрли сомнеж врз составувањето на изборните органи. Исто така евидентна беше и некоординираност при соработката со полицијата, па се јавуваа случаи пониските изборни органи да се жалат на притисок од страна на припадници на полицијата, односно пречекорување на овластувањата предвидени со Правилникот за постапување на полицијата.

Она што загрижува е игнорантскиот однос на ДИК во однос на поведување на прекршочни постапки кон политичките субјекти или правни и физички лица кои ги прекршиле одредбите на Изборниот законик (пр. предвреме започната кампања, необјавување на местата од страна на општините за лепење на плакати и непочитување на законски предвидениот рок, уништување на изборни плакати). Ваквата состојба во голема мерка го доведува во прашање кредибилитетот на

*8 Во рамките на проект кој беше реализиран во соработка со Граѓанска асоцијација МОСТ*

оваа институција која е задолжена да обезбеди законитост во спроведување на изборите.

Во законски предвидениот рок, од страна на ДИК беа издадени 4498 акредитации за домашни набљудувачи поднесени од страна на домашни непартиски, невладини организации, а 499 акредитации за странски набљудувачи.

### *Општински изборни комисии (ОИК)*

ОИК е составена од претседател, четири члена и нивни заменици. Претседателите на ОИК и нивните заменици, четири члена и нивните заменици, се избираат од вработените во државната, општинската и администрацијата на Град Скопје, со високо образование, по случаен избор, за време од 5 години.

Фактот што ова беше втор изборен циклус за најголем дел од членовите на ОИК се покажа како позитивен, бидејќи ефикасноста и професионалноста во работењето беше значително зголемена. Сепак, загрижуваат случаите кога членовите на ОИК не беа ослободувани од нивните должности како државни службеници, како и случаите кога членовите кои не се жители во местата каде се назначени не можеа да присуствуваат на состаноците и нормално да ги вршат своите функции заради просторната оддалеченост. Дополнително треба да се обрне внимание и на фактот што се појавија случаи кога членови на ОИК не можеа да воспоставaт нормална комуникација со останатите членови на ОИК или ИО заради непознавање на јазикот кој го зборуваат најголем дел од членовите на ОИК и членовите на ИО.

Како позитивен се оценува и фактот дека на овие избори за прв пат сите ОИК имаа унифициран модул за обука на членовите на избирачките одбори, која во согласност со изборниот законик е доделена токму на овој орган. За овие избори од страна на ДИК и Граѓанската асоцијација МОСТ беше изработен прирачник и модул за едукација на членовите на ОИК и ИО врз основа на кои беше извршена унифицирана едукација на изборната администрација.

Сепак, негативна карактеристика на овие избори поврзано со ОИК е фактот што членовите поради неослободување од нивните должности како државни службеници почнаа да го администрираат изборниот процес само две недели пред денот на гласањето. Исто така, од страна на набљудувачите на МОСТ беше забележана субјективност при вршењето на случаен избор на членовите на ИО, особено кај оние ОИК кои што при вршењето на случајниот избор не беа во можност да користат компјутерска технологија. Исто така, во областите со доминантно албанско етничко население, поради високата политичка тензија и заканите кои ги добиваа од страна на политичките субјекти, поголем број од членовите на ОИК не можеа професионално да ги спроведат своите законски задолженија.

### *Избирачки одбори (ИО)*

Вкупниот број на Избирачки одбори на овие парламентарни избори изнесуваше 2976 и истите беа составени од претседател, четири члена и нивни заменици. Претседателот и неговиот заменик се избираат од редот на државната, општинската и администрацијата на Град Скопје, а два члена и нивни заменици се избираат од редот на јавната администрација.

За разлика од Парламентарните избори 2006 година, овој изборен циклус, поради примена на преодните и завршните одредби од Изборниот законик, го спроведе целосно професионализирана изборна администрација. Овие промени во критериумите за состав на ИО значеа потреба за именување на дополнителни 40% од членовите на ИО. Поради недостатокот на администрација за пополнување на одборите и на овој изборен циклус се јави потреба за привремена миграција на значителен број на членови на администрацијата, од местото на живеење. Со цел да им се овозможи на оваа група членови на ИО да можат да го остварат своето уставно право на глас,

ДИК донесе посебно упатство со кој се регулираше начинот на транспорт на членовите до и од местата каде што беа распоредени.

Тензичната изборна кампања допринесе дополнително отежнување во процесот на составувањето на ИО, поради тоа што голем број на именувани лица на неколку дена пред самото гласање побараа да бидат ослободени од нивните должности поради страв од притисоци и насилство на самиот ден на гласањето.

Обуката на сите членови на ИО, која беше спроведена по унифициран модул, допринесе за дополнително професионализирање на изборната администрација. Сепак, беа воочени одредени проблеми во текот на едукацијата поради фактот што одредени членови на ИО не беа во можност да ја посетуваат истата поради проблеми со нивниот транспорт.

И покрај спроведената едукација на членовите на ИО, во поглед на спроведување на самата процедура на гласање, набљудувачите на МОСТ беа сведоци на константно непочитување на процедурата на гласање од страна на ИО. Оваа појава беше најзабележителна во деловите со доминантно албанско население, со што значително беше изгубена довербата во изборната администрација. И во останатиот дел од државата забележани беа нерегуларности при спроведувањето на гласањето од страна на ИО, особено при процесот на идентификација на гласачите (проверка на соодветна документација за идентификација, употреба на УВ-ламба и безбоен спреј, потпишување во извадокот од Единствениот избирачки список), но карактеристична е и зголемената појава на семејно гласање особено кај маргинализираните групи.

Од добиените извештаи се заклучува дека причините за нерегуларностите лежат како во недоволното познавање на постапката за гласање од страна на одредени членови на ИО, така и поради политичка пристрасност и притисокот од вооружени групи врз избирачките одбори во одредени делови на државата.

Сериозни неправилности беа забележани и во текот на постапката на пребројување на гласовите и сумирање на резултатите. Голем дел од ИО, не ја почитуваа постапка за броење на гласовите и управување со изборниот материјал, а особено загрижува појавата на фалсификување на записници со цел да се даде легитимитет на изборните резултати добиени преку изборни нерегуларности. Исто така забележани беа нерегуларности и во постапката за управување со изборниот материјал, како несоодветно пакување, несоодветно поништување на неискористените гласачки ливчиња и др.

Позитивна карактеристика на овие избори поврзано со ИО е тоа што за прв пат ДИК спроведе постапка за утврдување на одговорност на одредени членови на ИО за непочитување и злоупотреба на законските обврски.

## ПВТ (PVT) програма

Исто како и во претходните изборни циклуси така и за Предвремените парламентарните избори 2008, МОСТ го следеше одзивот на гласачите во текот на денот, како и распределбата на гласовите по пребројувањето, со помош на програмата за Паралелна обработка на гласови (Parallel Vote Tabulation) или кратко ПВТ (PVT).

Паралелната обработка на гласови комбинирана со регуларното набљудување претставува моќна алатка за пронаоѓање на евентуалните изборни измами, како и грешки во обработката на податоците, и кај оние гласачки места кои не се набљудуваат.
Прецизноста со која се проектира распределбата на гласовите уверува дека во случај на голема разлика помеѓу резултатите добиени од ПВТ програмата и официјалните резултати, постои веројатност за изборна измама.
Покрај распределбата на гласовите, ПВТ програмата го мониторира и текот на одзивот на гласачите, со што се овозможува да се оцени неговата реалност односно евентуалното нагло зголемување во одреден временски период.

ПВТ примерокот, пак содржи избирачки места (во понатамошниот текст ПВТ места) кои претставуваат демографски и географски одраз на сите избирачки места во Републиката, односно на гласачкото тело. Примерокот содржеше вкупно 862 избирачки места (139 ПВТ места во изборната единица 1, 139 ПВТ места во изборната единица 2, 153 ПВТ места во изборната единица 3, 135 ПВТ места во изборната единица 4, 154 ПВТ места во изборната единица 5, 142 ПВТ места во изборната единица 6).
Програмата се заснова на брзо прибирање и обработка на податоци, официјални резултати од гласањето, внесени во записниците од гласачките места од ПВТ примерокот, јавени директно од набљудувачите веднаш по потпишувањето на официјалниот записник од страна на членовите на Избирачкиот Одбор.

Во три наврати (на конференции за медиуми), во текот на денот на гласањето МОСТ известуваше за излезноста на гласачите, а резултатите од гласањето ги соопшти истиот ден, четири часа по затворањето на гласачките места. Известувањето на МОСТ за одзивот на гласачите, како и резултатите на крајот на Предвремените парламентарните избори 2008 беше оценето како прецизно, ефикасно и особено брзо. Но, заради низата нерегуларности кои се случија во текот на денот на избирачките места во изборните единици 1 и 6 податоците од истите не беа објавени. Нерегуларностите сериозно влијаеја врз репрезентативноста на примерокот, при што неможеше да се добие точен податок кој ќе ја одразува волјата на гласачките групи.

Точноста на податоците за Изборните единици 2, 3, 4 и 5 кои се добиени во текот на Предвремените парламентарни избори 2008 се базира врз претходно добро подготвен ПВТ примерок, кој за овие парламентарни избори се приготвуваше од страна на МОСТ.
Искуствата стекнати со ПВТ програмата од изборите во 2002, 2004, 2005 и 2006 година посветеноста и одговорноста на Регионалните координатори и ПВТ набљудувачите, како и софтверот развиен во 2002 година во соработка со Националниот Демократски Институт, и овој пат допринесе за брзо собирање и обработка на податоците во ПВТ центарот.

Набљудувачите кои беа распоредени на ПВТ местата покрај регуларниот тренинг, добија и посебен тренинг и инструкции за ПВТ известување од страна на тимот на МОСТ кој беше одговорен за ПВТ центарот. Комуникацијата со ПВТ центарот ја изведуваа преку мобилни телефони. ПВТ центарот содржеше центар со 20 телефонски линии и оператори кои комуницираа директно со набљудувачите на ПВТ местата и компјутерски центар со 20 оператори од каде се внесуваа податоците до централниот сервер.

Важно е да се напомене дека доколку текот на денот на ПВТ местото набљудувачот утврди нерегуларности, во најлош случај измами со гласовите, кои би ја нарушиле реалната слика и распределба на гласовите во тоа место, податоците од истото не се внесуваат во обработката и се третираат како загрозени. Исклучувањето на одреден процент на ПВТ места од примерокот, не ја загрозува веродостојноста на

резултатите добиени со оваа програма.

ПВТ програмата беше спроведена и на денот на прегласувањето на 15 Јуни, но сепак податоци од Изборната единица 6, МОСТ не објави, заради тоа што на три избирачки места (1985, 1986 и 1987) воопшто немаше гласање. Покрај тоа, во текот на денот МОСТ извести за прекршување на процедурата на гласање на девет избирачки места во ИЕ6, што сериозно влијаеше врз репрезентативноста на примерокот, при што неможеше да се добие точен податок кој ќе ја одразува волјата на гласачките групи.

## *Анекс 1: Сумирани резултати од формуларите за набљудување*

***ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2008 (01.06.2008) – Сумирани Р извештаи од сите набљудувачи низ Македонија***

| **I.** | **Надвор од ГМ** – *Дали забележавте:* | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пропаганден материјал | 90 | 4,46% | 1926 | 95,54% |
| 2. | Неовластени луѓе пред ГМ кои вршат пропаганда | 60 | 2,98% | 1956 | 97,02% |
| 3. | Неовластени луѓе пред ГМ кои ги заплашуваат гласачите | 28 | 1,39% | 1988 | 98,61% |

| **II. Внатре во ГМ** | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дали вашата регистрацијата за набљудувач помина без проблеми? | 1929 | 95,68% | 87 | 4,32% |
| 2. | Дали ИО ги поседува сите материјали? | 1971 | 97,77% | 45 | 2,23% |
| 3. | Дали видливо е поставено: број на ГМ и упатство за гласање? | 1957 | 97,07% | 59 | 2,93% |
| 4. | Дали гласачката кутија е празна пред отворањето на гласачкото место? | 1655 | 82,09% | 361 | 17,91% |
| 5. | Дали ГМ се отвори за гласање во 07:00 часот? | 1713 | 84,97% | 303 | 15,03% |

| **III. Процедура на Гласање** | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во колку случаи ИО не провери дали гласачот има трага од невидливо мастило? | | | 1249 | |
| 2. | Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради тоа што истиот имаше белег од невидливото мастило на палецот? | | | 130 | |
| 3. | Во колку случаи гласачот гласаше и покрај тоа што неговиот палец беше обележан со невидливо мастило? | | | 156 | |
| 4. | Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради немање на уредна документација? | | | 2004 | |
| 5. | Во колку случаи гласачот гласаше без соодветна документација за идентификација? | | | 460 | |
| 6. | Во колку случаи гласачот не можеше да се најде во Избирачкиот список? | | | 6526 | |
| 7. | Во колку случаи ИО не му дозволи на гласачот да гласа поради тоа што не беше запишан во Избирачкиот список? | | | 6081 | |
| 8. | Во колку случаи гласачот гласаше и покрај тоа што не беше запишан во ИС? | | | 112 | |
| 9. | Во колку случаи избирачот не се потпиша/не остави отпечаток во извадокот од Избирачкиот список? | | | 518 | |
| 10. | Во колку случаи гласачот не беше испрскан со невидливо мастило? | | | 1336 | |
| 11. | Во колку случаи ИО не удри печат на предната страна на ливчето? | | | 267 | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 12. | Дали гласачите беа коректно и комплетно информирани за начинот на гласање? | 1898 | 94,15% | 118 | 5,85% |
| 13. | Во колку случаи тајноста на гласањето не беше запазена? | | | 1855* | |
| 14. | Колку гласачи слепи/неписмени побараа помош? | | | 6965* | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 15. | Дали процесот за помош на слепите/неписмените гласачи беше во согласност со законските одредби? | 1436 | 94,47% | 84 | 5,53% |
| 16. | Во колку случаи беше забележана појава на семејно гласање? | | | 2942* | |
| 17. | Во колку случаи беше забележана појава на гласање за друг? | | | 664* | |
| 18. | Во колку случаи едно лице гласаше повеќе пати? | | | 251* | |
| 19. | Во колку случаи ИО не удри печат на задната страна на ливчето? | | | 605* | |
| 20. | Колку пати гласањето беше прекинувано? | | | 34* | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 21. | Дали гласањето беше прекинато повеќе од 3 часа? | 5 | 0,25% | 2011 | 99,75% |
| 22. | Дали гласањето заврши во 19 часот? | 1437 | 71,28% | 579 | 28,72% |
| 23. | Колку гласачи имаше на гласачкото место во 19 часот? | | | 1125* | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 24. | Дали на затекнатите гласачи им беше дозволено гласање? | 401 | 97,80% | 9 | 2,20% |
| 25. | Дали имавте притисок од други лица при извршување на вашата работа како набљудувачи? | 17 | 0,84% | 1999 | 99,16% |

| **IV. Процедура на броење** | | | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Колку членови од ИО се присутни на броењето? | | | 13586* | |
| 2. | Колку набљудувачи се присутни на броењето? | | | 10467* | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| 3. | Дали се заведени имињата на сите присутни за време на броењето? | 1798 | 89,19% | 218 | 10,81% |
| 4. | Дали беше откинат долниот десен агол на неискористените ливчиња по пребројувањето? | 1736 | 86,11% | 280 | 13,89% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *6.* | *Дали беше запазена процедурата на отворање на гласачката кутија?* | **1936** | **96,03%** | **80** | **3,97%** |
| *7.* | *Дали при пребројувањето се појави ливче со број од друго гласачко место?* | **9** | **0,45%** | **2007** | **99,55%** |
| *8.* | *Колку забелешки имаше?* | | | **464*** | |
| *9.* | *Колку забелешки беа прифатени и запишани во записникот?* | | | **339*** | |
| *10.* | *Колку членови на ИО го потпишаа записникот?* | | | **9638*** | |
| | | **Да** | **%** | **Не** | **%** |
| *12.* | *Дали беше запазена процедурата на пакување на гласачкиот материјал пред транспортирање?* | **1906** | **94,54%** | **110** | **5,46%** |
| *13.* | *Дали присуствувавте на транспортирањето на гласачкиот материјал до ОИК?* | **386** | **19,15%** | **1630** | **80,85%** |

* Бројката го одразува вкупниот збир на податоци добиени од сите набљудувани избирачки места.

МОСТ
Граѓанска Асоцијација

ул. Стрезово бр.7
1000 Скопје, Р. Македонија
www.most.org.mk
email: most@most.org.mk